Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

мај, 2021 година

## СОДРЖИНА

Резиме ....2

1. Реален сектор

Индустриско производство ....3

Број на работници во индустријата ....4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....6

Инфлација ....7

Берзански цени .... 8

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ....10

Увоз .... 11

Салдо на трговска размена ....12

Валутна структура....13

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ....13

Буџетски расходи според економската класификација....15

Буџетско салдо.. ....16

Расходи по буџетски корисници....18

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенција за вработување....18

Плати ....19

Пензии ....20

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари....21

Депозитен потенцијал ....21

Кредити на банките.... 23

Каматни стапки на депозитни банки.... 23

Пазар на капитал .... 23

Девизни резерви.... 24



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# РЕЗИМЕ

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

мај, 2021 година

- Индустриското производство во мај 2021 година забележа раст од 16,5% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во мај 2021 година се зголемија за 3,0% во однос на мај 2020 година;
- Во периодот јануари - мај 2021 година извозот забележа раст од 44,3%, а увозот раст од 39,5%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 27,8%, споредено со истиот период од 2020 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - мај 2021 година изнесуваа 83.574 милиони денари, односно 11,8% од БДП, што претставува повисоко остварување за 13,9% во однос на истиот период од 2020 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – мај 2021 година изнесуваа 95.469 милиони денари, односно 13,5% од БДП, што е за 3,5% повеќе во однос на истиот период од 2020 година;
- Вкупните кредити на банките во мај 2021 година се зголемија за 5,6% во споредба со мај 2020 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 7,1%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство




Индустриското производство во мај 2021 година забележа раст од 16,5% во споредба со истиот месец претходната година, а на кумулативна основа во првите пет месеци од годината индустријата порасна за 6,0%. Високиот раст се должи делумно на ниската пресметковна основа како последица на високиот пад во истиот период претходната година (-27,0%). Растот во мај 2021 година се јавува како последица на зголеменото производство единствено во секторот Преработувачка индустрија од 27,2% (придонес од 21,5 п.п.), додека во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е забележан пад од 27,9% (придонес од -2,8 п.п.), а во секторот Рударство и вадење камен пад од 12,0% (придонес од -1,3 п.п.).




Раст на производството во мај 2021 година бележат 20 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 66,0% од вкупната индустрија. Од гранките со повисока додадена вредност, раст во мај 2021 година е забележан кај производството на моторни возила од 54,4% и придонес од 6,3 п.п., машини и уреди од 94,7% и придонес од 5,8 п.п., електрична опрема од 90,9% и придонес од 3,3 п.п., како и фабрикувани метални производи од 43,8% и придонес од 1,6 п.п.. Од традиционалните гранки, во мај 2021 година производството на текстил порасна за 23,4% и придонес од 1,0 п.п., производството на облека за 4,6% и придонес од 0,4 п.п., производството на тутунски производи за 20,7% и придонес од 0,3 п.п., додека прехранбената индустрија опадна за 2,2% и придонес од -0,2 п.п.. Од гранките со позначителен придонес, пад во мај 2021 година бележат производството на фармацевтски производи и препарати од 29,2% и придонес од -1,1 п.п., како и вадењето руди на метал од 14,3% и придонес од -0,9 п.п..

Растот на производството според намената на произведените единици во мај 2021 година главно се должи на зголеменото производство на интермедијарни производи од 34,0% (придонес од 10,6 п.п.) и капитални прозводи од 44,0% (придонес од 9,5 п.п.).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, мај 2021 година)*




**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, мај 2021 година)*




На кумулативна основа, во првите пет месеци од годината индустријата забележа раст од 6,0%, што се должи на зголеменото производство во секторот Преработувачка индустрија од 10,9% и придонес од 8,6 п.п., додека во секторот Рударство и вадење камен е забележан пад од 12,7% и придонес од -1,4 п.п., а во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација пад од 4,3% и придонес од -0,4 п.п.. Од индустриските гранки, највисок придонес во растот имаат производството на машини и уреди од 4,0 п.п. при раст од 65,2%, производството на електрична опрема од 2,4 п.п. при раст од 66,8%, како и производството на моторни возила од 1,6 п.п. при раст од 13,4%.

Според намената на произведените единици, растот во периодот јануари – мај 2021 година главно се должи на растот на производството во гранките: Интермедијарни производи освен енергија од 20,3% (придонес од 6,3 п.п.), Капитални производи од 11,8% (придонес од 2,5 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 6,2% (придонес од 2,1 п.п.).

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во мај 2021 година е намален за 1,3%. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори, и тоа: Рударство и

вадење камен од 7,5%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 3,1% и Преработувачка индустрија од 0,8%. Сепак, постојат гранки со раст на вработеноста, како што се поправката и инсталирањето машини и опрема од 28,6% и производството на фабрикувани метални производи со раст од 11,9%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во мај 2021 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека намалување на бројот на работници има кај енергијата, интермедијарните и нетрајните производи, а тоа е најизразено кај нетрајните производи со пад од 4,6%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – мај 2021 година бележи пад од 2,7%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори, односно Рударство и вадење камен од 7,0%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 3,0% и Преработувачка индустрија од 2,4%.

Во поглед на наменските групи, во првите пет месеци од 2021 година падот на бројот на работници во индустријата е најизразит во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка и истиот изнесува 4,1%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во мај 2021 година е понеповолна споредено со април 2021 година, но поповолна во однос на истиот месец претходната година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во мај изнесува 71,3% од нормалното искористување, што претставува пад споредено со претходниот месец кога изнесувало 71,7%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е зголемена за 5,9 п.п..

**Графикон 1.5:** Деловни тенденции во преработувачка индустрија




Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во мај имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 20,5%, неизвесното економско окружување со 16,3%, недостигот на квалификувана работна сила со 15,6% и недоволната домашна побарувачка со 14,4%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во мај 2021 година во однос на април 2021 година е понеповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поповолни, а залихите на готови производи на месечна основа се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во мај 2021 година издадени се вкупно 300 одобренија за градење, што претставува раст од 86,3% споредено со мај 2020 година. Во однос на претходниот месец, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 28,8%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во мај 2021 година споредено со истиот месец од 2020 година е повисока за 124,0%, а на месечна основа бележи раст од 1,2%.

**Графикон 1.6:** Одобренија за градење и вредност на работите *(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 164 (или 54,7%) се наменети за објекти од високоградба, 27 (или 9,0%) за објекти од нискоградба и 109 (или 36,3%) за реконструкција на објекти.

**Графикон 1.7:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(мај 2021)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 300 издадени одобренија за градба, на 145 објекти (или 48,3%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 155 објекти (или 51,7%) инвеститори се деловни субјекти.

**Графикон 1.8:** Предвидена вредност на објектите по региони *(во милиони денари)*




Со издадените одобренија за градење во мај 2021 година предвидена е изградба на 615 станови, со вкупна корисна површина од 49.094 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е намален за 0,5%, а на годишно ниво е зголемен за 42,4%.

## Инфлација

**Графикон 1.9:** Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Потрошувачките цени во мај 2021 година се зголемија за 3,0% во однос на мај 2020 година Забрзувањето на растот на стапката на инфлација е резултат на зголемувањето на цените во повеќе категории, меѓу кои најголем раст регистрираат цените на енергијата и цените на храната, меѓутоа кај оваа категорија е забележано мало надолно отстапување. Претходниот месец потрошувачките цени регистрираа раст од 2,7% на годишно ниво. Стапката на инфлација во првите пет месеци од 2021 година изнесува 2,3%. Стапката на инфлација во 2021 година се очекува да остане стабилна и да се движи во рамките на проекциите, меѓутоа сè уште е нагласена неизвесноста од движењето на светските цени на примарните производи во следниот период, како резултат на пандемијата на ковид-19.

**Графикон 1.10:** Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Стапката на инфлација во еврозоната во мај регистрира раст и изнесува 2,0% на годишно ниво по растот од 1,6% во април, што се должи главно на значителниот раст на цените на енергијата од 13,1%, потоа на услугите од 1,1% и на храната, алкохолот и тутунот од 0,6%.

Во мај 2021 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 1,9% на годишно ниво. Забавувањето на стапката на раст на цените на храната се должи на забавувањето на растот на цените во повеќе категории, како и на намалувањето на цените на овошјето за 4,6%, додека најголем позитивен придонес кон зголемувањето на цените има растот на цените на маслото (29,3%) и зеленчукот (4,7%) .

Највисок годишен раст на цените во мај 2021 година е забележан во категоријата Транспорт од 9,6%, следен со порастот на цените во категориите Ресторани и хотели од 5,5%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 4,3%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,0%, Рекреација и култура од 3,4%, Здравствена



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

заштита од 3,3%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 1,6%, Разновидни стоки и услуги од 1,1%, Облека и обувки од 0,8% и Образование од 0,1%. Пад на годишно ниво е регистриран во категоријата Комуникации од 0,4%.

Потрошувачките цени во мај 2021 година се зголемија за 0,7% на месечно ниво (и претходниот месец потрошувачките цени регистрираа раст од 0,7%). Раст на цените на месечно ниво е регистриран и во категориите: Рекреација и култура од 1,7%, Облека и обувки од 1,4%, Храна и безалкохолни пијалаци од 1,2%, Транспорт и Ресторани и хотели од по 0,4% и Здравствена заштита од 0,2%.

Намалување на цените на месечно ниво е регистрирано во категоријата Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 0,5%, додека цените во другите категории останаа непроменети.

Цените на мало во мај 2021 година во однос на истиот месец претходната година се зголемија за 3,9%, а на месечна основа регистрираа зголемување од 0,6%.

## Берзански цени

**Графикон 1.11:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во мај 2021 година споредено со претходниот месец се зголеми за 5,0% и изнесува 68,0 долари за барел, со што таа е над нивото од пред почетокот на пандемијата. Во текот на 2020 година индустријата и економската активност во светот беа силно погодени од ограничувачките мерки за спречување на ширењето на коронавирусот. Како резултат на тоа, во април 2020 година, цената на нафтата го достигна дното (Графикон 1.11.), по што следеше генерално нагорен тренд на движење кој се задржа сè до крајот на првиот квартал од 2021 година. На годишно ниво, цената на нафтата е за 2,2 пати повисока.

Природниот гас кон крајот на 2019 година започна со тренд на надолно движење на цената, сè до почетокот на третиот квартал од 2020 година, кога неговата цена почна да забележува постепено зголемување. Трендот на раст продолжи до март 2021 година кога цената забележа силен месечен пад, за да во април повторно се врати на патеката на раст, и истиот да продолжи и во мај со 17,1% на месечно ниво.

Слично како и патеката на цената на нафтата, цената на никелот бележи нагорен тренд по достигнувањето на дното во април 2020 година, во услови на постепено закрепнување на индустриската активност, тренд што прекина во март 2021 година кога истата забележа месечен пад, меѓутоа во април беше регистрирано зголемување. Во мај, цената на никелот на месечна основа продолжи да расте,

забележувајќи раст од 6,4%. Покрај никелот, месечен раст на цената во мај забележаа и другите основни метали. Така, цената на калајот се зголеми за 13,8%, бакарот за 9,0%, оловото за 8,4%, алуминиумот за 4,9% и цинкот за 4,8%. Во мај 2021 година, цената на железната руда се зголеми за 15,5% во однос на април 2021 година.

Во однос на благородните метали, златото во август 2020 година достигна историски највисока цена на светските берзи, по што следеше надолен тренд на движење наистата сè до крајот на годината. Во 2021 година, цената на златото забележува наизменично движење, со месечен раст на почетокот на годината, пад во февруари и март, и повторно раст во април и мај, од 2,4% и 5,1%, соодветно. Цената на среброто се зголеми за 7,1%, додека цената на платината забележа раст од 0,4%.

**Графикон 1.12:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Цената на пченката на светските берзи во мај 2021 година на месечна основа се зголеми за 13,8%, а цената на пченицата се намали за 3,7%.

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите пет месеци од 2021 година изнесува 6.659,6 милиони евра и бележи раст од 41,5% во однос на истиот период минатата година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - мај 2021 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер изнесува 60,1% и е непроменето споредено со истиот период претходната година. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството

[1] Започнувајќи од мај 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

на трговската размена со Германија во првите пет месеци од 2021 година изнесува 27,4% и е зголемено за 3,7 п.п. во однос на истиот период од 2020 година.

## Извоз

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - мај 2021 година, изнесува 2.825,2 милиона евра и бележи раст од 44,3% (866,9 милиони евра) во однос на истиот период од 2020 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 19,4%.

Вредноста на извезените стоки во мај 2021 година изнесува 547,1 милион евра и бележи раст од 61,2% (207,7 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 22,9% споредено со мај 2020 година.

Анализирано на месечно ниво, во мај 2021 година извозот бележи пад од 11,3% (69,9 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 10,0%, што укажува на негативно влијание на сезонскиот фактор (1,3 п.п.) врз извозот овој месец.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - мај 2021 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 45,2% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации[3] на земјите, во периодот јануари - мај 2021 година споредено со истиот период од 2020 година, извозот бележи раст кај

[2] Стандардна меѓународна трговска класификација
[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка

групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 51,4% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 23,4%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 80% и 10%, соодветно.

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - мај 2021 година изнесува 3.834,4 милиони евра и бележи раст од 39,5% (1.086,4 милиони евра) во однос на истиот период од 2020 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 7,9%.

Вредноста на увозот во мај 2021 година изнесува 752,1 милион евра, што претставува раст од 65,1% (296,7 милиони евра) во однос на истиот месец од 2020 година, а увезените количини стоки се зголемени за 17,7%.

Анализирано на месечно ниво, во мај 2021 година увозот бележи пад од 15,6% (139,3 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 7,4%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (8,2 п.п.) врз увозот овој месец.

**Графикон 2.5:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

на земјите од Азиско - пацифичкиот регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | | Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I-V-2020 | I-V-2021 | Салдо | Стапки во% | | I-V-2020 | I-V-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 22,3 | 33,4 | 11,1 | 49,8 | .000 Т | 12,3 | 14,8 | 2,5 | 20,8 |
| Мил. ЕУР | 324,4 | 679,9 | 355,5 | 109,6 | Мил. ЕУР | 69,0 | 99,3 | 30,3 | 43,9 |
| Мил.$ | 357,5 | 819,7 | 462,2 | 129,3 | Мил.$ | 75,8 | 119,5 | 43,7 | 57,6 |
| *)Претходни податоци | | | | | | | | | |
| Извоз на железо и челик *) | | | | | Увоз на железо и челик*) | | | | |
| | I-V-2020 | I-V-2021 | Салдо | Стапки во% | | I-V-2020 | I-V-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 293,9 | 302,6 | 8,7 | 3,0 | .000 Т | 307,0 | 291,4 | -15,5 | -5,1 |
| Мил. ЕУР | 221,3 | 275,9 | 54,6 | 24,7 | Мил. ЕУР | 143,1 | 180,4 | 37,3 | 26,0 |
| Мил.$ | 242,9 | 332,6 | 89,7 | 36,9 | Мил.$ | 157,0 | 217,1 | 60,1 | 38,3 |
| *)Претходни податоци | | | | | | | | | |
| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | | Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
| | I-V-2020 | I-V-2021 | Салдо | Стапки во% | | I-V-2020 | I-V-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 20,2 | 35,7 | 15,5 | 76,5 | .000 Т | 21,5 | 30,0 | 8,5 | 39,8 |
| Мил. ЕУР | 275,8 | 421,0 | 145,2 | 52,7 | Мил. ЕУР | 233,5 | 339,1 | 105,6 | 45,3 |
| Мил.$ | 303,7 | 507,2 | 203,5 | 67,0 | Мил.$ | 256,7 | 408,3 | 151,7 | 59,1 |
| *)Претходни податоци | | | | | | | | | |

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - мај 2021 година, трговскиот дефицит се зголеми за 27,8% односно 219,6 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во мај 2021 година, трговскиот дефицит се зголеми за 76,6% односно 89,0 милиони евра споредено со мај 2020 година.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки, стоки за широка потрошувачка и горива и мазива. Од друга страна, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема и храна и пијалаци, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во периодот јануари - мај 2021 година, 92,9% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија и Кина, а потоа следуваат: Грција, Србија, Турција, Полска, Италија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Словачка, Шпанија и Унгарија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 91,6% од трговската размена во периодот јануари - мај 2021 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2020 година претставува зголемување за 4,9 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 94,1% и 89,7%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 3,0 п.п., додека кај увозот е зголемена за 6,2 п.п. во однос на периодот јануари - мај 2020 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - V - 2020 | | | | | I - V - 2021 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 1.720,7 | 2.293.007.531 | 61,6446 | 141.351.532.052 | 83,5 | 1.990,8 | 3.438.673.656 | 61,6255 | 211.909.983.380 | 89,7 | 1.145.666.125 | 50,0 |
| УСД | 940,8 | 469.827.704 | 56,2101 | 26.409.062.219 | 15,6 | 878,3 | 438.500.799 | 51,1362 | 22.423.264.559 | 9,5 | -31.326.905 | -6,7 |
| ГБП | 1,3 | 7.335.921 | 71,0010 | 520.857.740 | 0,3 | 0,7 | 7.245.886 | 70,8248 | 513.188.435 | 0,2 | -90.035 | -1,2 |
| ЕУР+УСД+ ГБП | 2.662,8 | | | 168.281.452.011 | 99,0 | 2.869,8 | | | 234.846.436.375 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 2.667,8 | | | 169.378.133.796 | 100,0 | 2.877,4 | | | 236.309.608.911 | 100,0 | | 39,5 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# *3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - мај 2021 година изнесуваа 83.574 милиони денари, односно 11,8% од БДП, што претставува повисоко остварување за 13,9% во однос на истиот период од 2020 година. Ова е четврти последователен месец во којшто е забележан годишен раст на приходите, кој во мај изнесува високи 24,3%, откако и во април забележа годишен раст од 35,5%. Растот е резултат и на пониските приходи во април и мај претходната година, кога се почуствуваа значителни негативни ефекти од пандемијата врз буџетските приходи.

Даночните приходи се реализирани во износ од 47.592 милиона денари и се повисоки за 19,2% во однос на јануари – мај 2020 година, најмногу како резултат на високиот раст на приходите од ДДВ.

Приходите од Данокот на додадена вредност стандардно имаат доминантно учество од 46,9% во вкупните даночни приходи, со остварен износ од 22.314 милиони денари, што претставува зголемување од високи 31,4% во однос на кризниот период јануари - мај 2020 година. Особено е изразен растот на овие приходи во април и мај, кога годишниот раст изнесуваше високи 97,4% и 52,6%, соодветно. Притоа, ДДВ во првите пет месеци од годинава е наплатен во бруто-износ од 33.006 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 10.692 милиона денари (бруто-наплатата е повисока за 18,3%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 2,0% споредено со јануари – мај 2020

година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува повисоко остварување за 23,5%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 8,2%.

Акцизите се остварени во износ од 8.781 милион денари (учество од 18,5% во даночните приходи), што претставува зголемување од 7,4% во споредба со истиот период од 2020 година. Така, само од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 31.095 милиони денари, што претставува 65,3% од вкупните даночни приходи во периодот јануари - мај 2021 година.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 7.601 милион денари и бележат раст од 8,2% на годишна основа, при што 67,3% од приходите се од плата и други лични примања, по 7,4% од приходи од капитал и од приходи од игри на среќа и наградни игри, 7,2% од приходи по основ на договор на дело и 10,7% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во овој период изнесуваа 5.403 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 7,1% во однос на истиот период претходната година, како резултат на исклучително позитивните остварувања кај даночните биланси, коишто се зголемени речиси двојно, додека данокот по месечни аконтации се намали за 13,7%.

Приходите од царина се остварени во износ од 3.235 милиони денари и забележаа зголемување од 29,9%. Приходите од други даноци со остварен износ од 258 милиони денари забележаа зголемено остварување за 24,0% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 27.855 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 5,8% споредено со истиот период претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 5,7%, кај придонесите за здравствено осигурување за 6,0% и кај придонесите за вработување за 5,1%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 5.279 милиони денари и во однос на анализираниот период од 2020 година забележаа повисоко остварување за 9,5% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 387 милиони денари, што е намалување од 16,8% во однос на периодот јануари – мај минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 2.088 милиони денари и се повисоки за 47,2% во однос на истиот период лани.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – мај 2021 година изнесуваа 95.469 милиони денари, односно 13,5% од БДП, што е за 3,5% повеќе во однос на истиот период минатата година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 90.159 милиони денари учествуваа со 94,4% и се зголемени за 1,7% во однос на истиот период од 2020 година.

**Графикон 3.2:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 12.640 милиони денари што претставува зголемување за 3,0% во однос на периодот јануари – мај претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,2%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 6.567 милион денари и споредено со истиот период од 2020 година забележаа зголемување од 8,0%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки, како и секогаш, имаа трансферите коишто изнесуваа 68.689 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа повисока реализација за 1,1% споредено со истиот период од 2020 година и истите учествуваа со 71,9% во вкупните расходи.

Растот на трансферите е резултат на движењата кај средствата за социјални трансфери, кои изнесуваа 49.169 милиони денари и забележаа зголемување од 3,7%, додека нивното учество во вкупните расходи изнесува 51,5%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 29.596 милиони денари, што е зголемување за 3,7% споредено со истиот период од 2020 година и учествуваат со 31,0% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, коишто ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 19,4%, при што се намалија за 5,7% и се реализирани во износ од 18.495 милиони денари. Блок дотациите кон единиците за

локална самоуправа во износ од 7.955 милиони денари забележаа зголемување од 0,9% во споредба со периодот јануари - мај претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 9.607 милиони денари што е за 10,6% помалку споредено со истиот период минатата година. Сепак, гледано само во мај, се забележува раст на категоријата други трансфери од 24,1%, а растот е особено изразен кај Субвенциите и трансферите каде што изнесува 40,3%.

Каматните расходи изнесуваат 2.263 милиони денари, што е за 4,2% помалку во споредба со истиот период од 2020 година. Расходите за камати од домашно задолжување се поголеми за 8,0%, додека каматите од странско задолжување се намалени за 13,3%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 5.310 милиони денари, со структурно учество од 5,6% во вкупните расходи, при што забележаа значително повисока реализација (раст од 48,0%) во споредба со периодот јануари - мај 2020 година. Анализирано по месеци, капиталните расходи во мај се вратија на патеката на раст на којашто беа во првиот квартал, остварувајќи годишен раст од 25,3%, откако претходно во април забележаа пад.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во првите пет месеци од 2021 година реализираше 21.903 милиони денари или 41,0% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (67,5%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до буџетските фондови, за што се потрошени 14.775 милиони денари или 40,6% од средствата наменети за 2021 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 22,6% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 41,7% (4.959 милиони денари) од планираните за 2021 година.

Во периодот јануари - мај 2021 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4] реализирани се 12.416 милиони денари што претставува 20,0% од предвидените за 2021 година. Отплата на главнина (5.467 милиони денари) е главна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 44,0%. За капитални расходи се издвоени 3.067 милиони денари (49,3% од планираното), односно 24,7% од вкупните расходи на овој буџетски корисник. По

[4] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

основ на каматни плаќања отпаѓаат 18,2% од вкупните расходи, за што се реализирани 2.264 милиони денари, или 27,9% од вкупниот буџет за оваа намена.

**Графикон 3.3:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари - мај 2021 година)*




Извор: МФ.

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 10.418 милиони денари, што е 38,3% од вкупниот буџет за 2021 година. Најголем дел од расходите (65,0%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 6.771 милион денари или 41,7% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 16,0%, за што се потрошени 1.670 милиони денари, односно 38,7% од вкупно предвидените.

Во анализираниот период, од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно се реализирани 4.524 милиони денари, што претставува 37,8% од сопствениот буџет за 2021 година. Најзначајна расходна ставка претставува плати и надоместоци со учество од 73,1%, за што се потрошени 3.309 милиони денари или 40,9% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 20,2%, за што се реализирани 914 милиони денари или 37,3% од годишниот план.

Во периодот јануари - мај 2021 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 4.319 милиони денари што претставува 81,2% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 85,2% во вкупните расходи, реализирани се 86,0% од планираните средства за цела година, односно 3.678 милиони денари.

Министерството за одбрана во периодот јануари - мај 2021 година реализираше буџетски средства во износ од 3.086 милиони денари, што е 27,8% од вкупниот буџет за оваа година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество во расходите со 55,8%, за што во овој период се реализирани 1.721 милион денари (40,5% од вкупно предвидените средства за тековната година). Расходите за стоки и услуги учествуваат со 27,7% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 855 милиони денари, односно 32,0% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија во првите пет месеци од 2021 година реализираше вкупно 3.066 милиони денари, односно 43,8% од планираните средства за 2021 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со 85,2% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 2.613 милиони денари (46,7% од предвидените средства).

Министерството за здравство, во периодот јануари - мај 2021 година изврши буџетски средства во износ од 2.683 милиони денари, што е 37,3% од вкупниот буџет за 2021 година. Стоките и услугите имаат најголемо учество во расходите со 49,7%, за што во овој период се потрошени 1.333 милиони денари или 37,3% од средствата наменети за 2021 година. Втора најзначајна ставка е тековни трансфери до вонбуџетските фондови со реализација од 1.117 милиони денари (40,6% од планираното за годината) и учество од 41,7% во вкупните расходи.

Министерството за транспорт и врски во овој период реализираше средства во износ од 836 милиони денари, што е 15,7% од вкупниот буџет за тековната година. Капиталните расходи, како главна ставка, во вкупните расходи учествуваат со 65,9% (551 милион денари).

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – мај 2021 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 11.895 милиони денари, што претставува 1,68% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 12.045 милиони денари и претставува 1,7% од БДП. Буџетскиот дефицит во првите пет месеци изнесува 34,0% од вкупно планираниот буџетски дефицит за цела 2021 година.

# *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во мај 2021 година, во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 77.124 нови засновани работни односи. Вкупниот број новоработени лица бележи раст од 12,3% споредено со истиот месец од 2020 година.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.
Забелешка: Во март 2021 година е извршено прочистување на списоците на невработени лица.

Од вкупниот број новоработени 43,2% се вработени на неопределено време, додека другиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во мај 2021 година, 20,3% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Вкупниот број невработени лица во мај 2021 година изнесува 200.118, од кои 143.390 се активни баратели на работа, а 56.728 се останати невработени лица. Во однос на мај 2020 година, вкупниот број невработени лица е намален за 2,8%. На месечна основа, бројот на невработени е намален за 1.794 лица. На овој начин, трендот на зголемување на бројот на невработени што се забележуваше во текот на цела 2020 година и првите два месеца од 2021 година е конечно запрен, откако во април и мај бројот на невработени на месечно ниво почна да се намалува. Претходно, во март 2021 година е извршено прочистување на списоците.

Најголем дел од активните невработени лица (62,3%) се градско население, а според половата структура 49,2% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 65,0%, се со непотполно средно образование или помалку, 25,7% се со завршено средно образование, додека 9,3% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, најголемиот дел невработени лица или 51,2% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 - 49 години. Според времето на чекање на вработување, 55,1% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 4,8% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална нето-плата во април 2021 година оствари годишен раст од 10,1%, а во однос на март 2021 година истата е повисока за 0,8%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на април 2020 година се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (28,6,%), Финансиски дејности и дејности на осигурување (24,0%) и Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (21,7%). Реалните плати во април 2021 година забележаа годишен раст од 7,2%.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во април 2021 година оствари годишен раст од 10,0%, а споредено со претходниот месец истата е повисока за 0,8%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во април 2021 година во однос на истиот месец претходната година се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (28,3,%), Финансиски дејности и дејности на осигурување (24,1%) и Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (21,4%). Реалната бруто-плата забележа раст од 7,1% на годишна основа.

## Пензии

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.
Забелешка: Во податоците за август не се вклучени корисниците кои својата пензија ја примале преку Еуростандард банка.

Во мај 2021 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 323.778 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 67,3% се корисници на старосна пензија, 23,2% се корисници на семејна пензија и 9,5% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во мај 2021 година изнесува 15.615 денари и е за 2,1% повисока споредено со истиот месец од 2020 година[5]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во април 2021 година (последни расположливи податоци) изнесува 54,9%.

Просечната старосна пензија во мај 2021 година изнесува 16.886 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 14.100 денари, а просечната семејна пензија 12.548 денари. За исплата на пензиите во мај 2021 година се потрошени 4.905 милиони денари, што претставува 47,6% од вкупните социјални трансфери.

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити (мај 2021 година)




Извор: НБРСМ.

Во мај 2021 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на 1,25%, откако во март ја намали за 0,25 п.п.. Одлуката за понатамошно монетарно олабавување се носи во услови на стабилни движења на девизниот пазар и умерена динамика на инфлацијата, иако сè уште постои неизвесност од пандемијата и влијанието врз заздравувањето на економијата. Целта на намалувањето на основната каматна стапка до нивото од 1,25%, се очекува да придонесе за намалување на цената на финансирање преку кредити од банките и натамошна кредитна поддршка на приватниот сектор, заради ублажување на ефектите од пандемијата врз домашната економија, којашто сè уште трае.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

## Примарни пари

Во мај 2021 година, примарните пари[6] се зголемија за 34,5% споредено со мај 2020 година. Растот на примарните пари се должи на растот на вкупните ликвидни средства за 76,6% и зголемување на готовите пари во оптек за 5,2%.

На месечно ниво, примарните пари се зголемија за 16,9%, што е резултат на растот на вкупните ликвидни средства на банките за 36,8%, додека готовите пари во оптек регистрираа пад од 0,1%.

## Депозитен потенцијал[7]

Вкупните депозити на банките во мај 2021 година се зголемија за 1,2% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец,

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 3,5%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,4%.

Од аспект на валутата, во мај 2021 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута регистрираа раст од 1,8%, а депозитите во странска валута регистрираа зголемување од 0,4%.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупниот депозитен потенцијал во мај 2021 година оствари раст од 7,1% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 5,7% и 9,3%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 19,9% и 4,8%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 6,2%, а долгорочните депозити се намалија за 6,4%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 59,4%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (мај 2021 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | *442.712* | *1,2%* | *7,1%* |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *262.777* | *1,8%* | *5,7%* |
| *Странска валута* | *179.935* | *0,4%* | *9,3%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *185.365* | *0,6%* | *6,2%* |
| *Долгорочни* | *101.228* | *-0,7%* | *-6,4%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | *367256* | *0,8%* | *5,6%* |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *216.493* | *1,0%* | *6,5%* |
| *Странска валута* | *150.763* | *0,6%* | *4,4%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *58.518* | *0,5%* | *0,3%,* |
| *Долгорочни* | *291.640* | *0,8%* | *8,1%* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *12.854* | *3,4%* | *-20,4%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во мај 2021 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,8% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата регистрираа раст од 0,9%, како и кредитите кон домаќинствата кои се зголемија за 0,8%. Од аспект на валутата, во мај 2021 година, на месечно ниво денарските и девизните кредити се зголемија за 1,0% и 0,6%, соодветно.

На годишна основа, во мај 2021 година вкупните кредити се зголемија за 5,6%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 8,8% и раст на кредитите кон претпријатијата од 2,1%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 6,5%, а кредитите во странска валута за 4,4%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,1%, а краткорочните кредити се зголемија за 0,3%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во мај 2021 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,02 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 4,56%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,04 п.п. и изнесува 4,92%, додека каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,01 п.п. и изнесува 4,12%.

Вкупната каматна стапка на депозитите во мај 2021 година изнесува 0,85% и е намалена за 0,05 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити се намали за 0,07 п.п. и изнесува 1,21%, а каматната стапка на девизните депозити регистрираше пад од 0,03 п.п. и изнесува 0,50%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во мај 2021 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 31,1% на месечно ниво како резултат на падот на прометот од класичното тргување за 26,1% и намалување на прометот од блок трансакциите за 48,1%.

Вкупниот промет на берзата во мај 2021 година изнесуваше 472,9 милиони денари и истиот е зголемен за 10,4% на годишно ниво.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на мај 2021 година изнесуваше 5.277,88 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 4,7%, а во однос на истиот месец претходната година регистрираше раст од 23,8%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на мај 2021 година изнесуваа 4.019,81 милион евра и во однос на претходниот месец се зголемија за 0,4%, а во однос на мај 2020 година регистрираа раст од 30,6%.